Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 30 август 2022 година**

**Скопје, август 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 август 2022 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, (в.к.в.) д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Бајрам Реџепи, извршен директор на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за учество на Маркет тест за распределба на капацитети во интерконекциската точка Евзони-Гевгелија од Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, со Предлог-одлука за гарантирање на реализацијата

2. Барање за давање на трајно користење на недвижни ствари-линиски инфраструктурни објекти на Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје и Подружница Енергетика, Скопје, со предлог-одлуки

3. Информација за потребата од продажба на движни ствари-патнички моторни возила и продажба на движни ствари расходувана медицинска и немедицинска опрема по пат на електронско јавно наддавање, со предлог-одлуки

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.37/22 (КП.бр.2304 дел 1 за КО Карпош)

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-972/1 фекална канализациска мрежа во подрачје ТИРЗ Струга)

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

7. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното правобранителство на Република Северна Македонија У. бр.09-47/22 (КП бр.1728/1, КО Струмица)

8. Барање согласност за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука

9. Барање за одобрување на Годишна сметка за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2021 до 31.12.2021 година, Годишен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2021 до 31.12.2021 година и Финансиски извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2021 до 31.12.2021 година, со предлог-одлуки

10. Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за давање согласност на Тарифата за изменување на Тарифата на Централниот регистар на Република Северна Македонија

12. Информација за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Секретаријатот за европски прашања, со Предлог-одлука

13. Информација со Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка

15. Информација за Економско-финансискиот дијалог помеѓу Европската Унија и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2023-2025 година

16. Информација во врска со барањето на концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на обиколен пат околу село Вевчани во правец кон село Октиси км 0.0+00.00-км 1.0+62.18, КО Вевчани и КО Вевчани-вонград, Општина Вевчани, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Јанкулов, ул.Гоце Делчев бр,25, с.Марена, Кавадарци, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Васко Стојанов, ул.Илинденска бр.49, Неготино, со Предлог-одлука

20. Извештај за завршени преговори за склучување на договор за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан, со усогласен текст на Договор

21. Информација за потребата од носење на одлука за определување на висината на надоместокот на членовите на комисиите кои ги спроведуваат постапките по распишани јавни огласи и постапките со прибирање на понуди за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост согласно Законот за земјоделското земјиште, со Предлог-одлука

22. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница, бр.123 Крива Река, бр.407 Пена, бр.104 Габровска Река, бр.408 Коселска Река и бр.349 Блатечка Река

23. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ледер, Кочани, со Предлог-решение

24. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Калипсо, Гевгелија, со Предлог-решение

25. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Канет, Скопје, со Предлог-решение

26. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел ПКТ, Демир Капија, со Предлог-решение

27. Информација во врска со извршен надзор во угостителски објект за сместување хотел Петрол компани со седиште на ул. Скопски пат-Студена вода бб.-Тетово, со Предлог-решение

28. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“ Општина Виница, со Предлог-одлука

29. Информација за потребата од обезбедување дополнителни средства за кофинансирање на големиот ИПА проект „Рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во Општина Кичево

30. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Краста“ с.Речане, Општина Гостивар на Друштвото за трговија, транспорт и туризам С.Петрол ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар

31. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство

32. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

33. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје

35. Информација за организација и реализација на НАТО конференција за комуникатори NCC 2022

36. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Б.И. против Северна Македонија А.бр.22849/20

37. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кочовска А.бр.37800/19 и други и пет други апликации против Северна Македонија, со Предлог-одлука

38. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Талевска и Трпческа против Северна Македонија А.бр. 11828/16, со Предлог-одлука

39. Предлог одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана

40. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1313 на Советот од 25 јули 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

41. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1276 на Советот од 21 јули 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП

за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

42. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1272 на Советот од 21 јули 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

43. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1271 на Советот од 21 јули 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

44. Предлог на закон за изменување на Законот за спортска академија

45. Информација за склучување на договор за пристап до базите на податоци на EBSCO Publishing (ЕБСКО Паблишинг)

46. Информација за наменска реалокација на неискористени финансиски средства од вршење на услуги во дејноста на образованието и науката

47. Информација за унапредување на системот на примарна здравствена заштита, а како резултат на соработката и средбите со избраните лекари, како и за потребите за вршење на дополнителни анализи во врска со истото

48. Предлог-програма за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2022 година

49. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2022 година

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, Општина Аеродром-Скопје)

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Александар Македонски“, Општина Аеродром -Скопје)

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Љубен Лапе“, Општина Аеродром-Скопје)

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Блаже Конески“-Општина Аеродром-Скопје)

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Општина Аеродром-Скопје)

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Лазо Ангеловски“, Општина Аеродром-Скопје)

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Димитар Македонски“-Општина Аеродром, Скопје)

57. Предлог-одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија

58. Предлог-одлука за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.2233/1, КО Струга)

59. Предлог-одлука за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КО Галичник)

60. Предлог-решение за назначување на претседател, заменик-претседател и членови на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот и Предлог-решение за назначување на претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретари на Координативното тело за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам

61. Предлог на закон за установите за средно образование на верските заедници, поднесен од група пратеници

62. Иницијатива од Јашар Касами од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.66/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 109 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19)

63. Иницијатива од Александар Ристески и Рајна Наумовска-Марковска, адвокати од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.59/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 2 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18)

64. Иницијатива од Асоцијација на здруженија на работодавачите на трговските друштва за превоз на патници на Република Македонија од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/21 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила за штети предизвикани од трети лица

65. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2559 на КП бр.7412 и Имотен лист бр.13011 на КП бр.7413/4, за КО Драчево 2, викано место/улица „Велковски Круши“

66. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 53219 за КО Кисела Вода 1, идеален дел од КП број 890/1 и КП број 892/1, викано место/улица „Првомајска“

67. Понуда од нотар Дрита Лимани за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист број 101683 за КО Радишани, КП бр. 1567/6, викано место/улица ул. „Ѓоре Ѓоревски бб“

68. Понуда од нотар Весна Паунова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.63175 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.892

69. Понуда од нотар Љупка Караџовска Главинче од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7604, за КО Битола 5, КП 1408 викано место/улица „Индустриски Пат“

70. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.97476 на КП бр.125/6 и Имотен лист бр.97477 за КП бр.125/7, КО Чаир

71. Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје, за Заклучок за прва усна јавна продажба, доставен под И.бр.1542/2021, со Заклучок за поправање на грешки во актите на извршителот

72. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид за понуда за користење право на првенствено купување на имот каде како сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист бр.94643 за КО Охрид 2

73. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставен под И.бр.575/22, за налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.157 и бр.499, за КО Мажучиште на КП бр.1185

74. Кадровски прашања

75. Прашања и предлози

76. Информација за склучување спогодби по спроведена постапка за мирно решавање на колективен спор

77. Полугодишен извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, јануари-јуни 2022 година

78. Информација за реализација на средствата согласно Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, наменети за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје

79. Информација за првиот извештај за степен на реализација на активностите од Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 година со Акциски план, за периодот 15 јули 2021-31 март 2022 година

80. Акциски план за преземање на активности по однос на препораките утврдени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година, на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, бр.22-143/2 од 11 февруари 2022 година, од Државниот завод за ревизија

81. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот 1 април-30 јуни 2022 година

82. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

83. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за второто тримесечје (1 април 2022-30 јуни 2022 година)

84. Информација со табеларен преглед и анализа за доделување на финансиска поддршка за 2022 година (збирна)

85. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за втор квартал 2022 година

86. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јануари-март 2022 година

87. Информација за донесување на Просторен план на Национален парк „Пелистер“ 2016-2030-Предлог-план, со текст на Просторен план

88. Информација за обезбедување на дополнителни финансиски средства кои произлегуваат од доспеани обврски и реализирани извршни решенија во НУ Национална опера и балет-Скопје, НУ Албански театар-Скопје и НУ Национална универзитетска библиотека ,,Свети Климент Охридски"-Скопје

89. Предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

90. Информација за настаната состојба со поништени одлуки на Владата за давање на дивеч под концесија во ловиштата бр.5„Тажево“, бр.2„Копришница“ и бр.5 „Душегубица“ од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки во контекст на потврдени или актуелни управни спорови со предлог за формирање на меѓуресорска работна група за изнаоѓање решенија за настанатата ситуација

91. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година

92. Информација за донесување на просторен план за заштитен предел-дел од планината Водно, за заштитено подрачје во категорија V, со Акциски план за изработка

93. Извештај за завршени преговори со усогласен текст на Меморандум за разбирање и соработка во областа на кинематографијата и аудиовизуелните дејности во Западен Балкан, со усогласен текст на Меморандум

94. Информација за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со предлог-одлуки

95. Информација за формирање на работна група за изработка на закон за плати во јавниот сектор

96. Информација во врска со потребата од заземање на нови ставови во постапката за водење преговори за склучување Договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија

97. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

98. Информација за потребата од промена на тарифен систем / примена на повластен тарифен модел за продажба на електрична и топлинска енергија во областа образование

99. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка-царинската стапка за увоз на млеко и павлака

100. Информација за Оперативен план во областа на цивилната заштита помеѓу Република Албанија, Република Северна Македонија и Република Србија, во рамките на Иницијативата „Отворен Балкан“, со текст на Оперативен план

101. Информација во врска со доспеан даночен долг на Националната установа Центар за култура „Ињо Антески-Смок“ од Тетово, произлезен од реализацијата на проектот-Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Маркет тест за распределба на капацитети во интерконекциската точка Евзони-Гевгелија од Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, со Предлог-одлука за гарантирање на реализацијата и ја усвои со следните заклучоци:

1.Го одобри учеството на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје, во државна сопственост на Маркет тестот за распределба на капацитети во интерконекциската точка Евзони-Гевгелија и му укажа на извршниот директор на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје, во државна сопственост, Бајрам Реџепи, да ги преземе сите дејствија потребни за учество на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје, во државна сопственост во истиот.

2. Ја донесе Одлуката за преземање и гарантирање навремено извршување на обврските од страна на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје, во државна сопственост согласно склучениот Договор за соработка, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го разгледа Барањето за давање на трајно користење на недвижни ствари-линиски инфраструктурни објекти на Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје и Подружница  Енергетика, Скопје, со предлог-одлуки и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост (за потребите на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје) и Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост (за потребите на Подружница Енергетика, Скопје), предлагачот да ги усогласи со Секретаријатот за законодавство и да се разгледаат на наредната седница на Владата, откако Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Град Скопје ќе биде објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од продажба на движни ствари-патнички моторни возила и продажба на движни ствари расходувана медицинска и немедицинска опрема по пат на електронско јавно наддавање, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила за старо железо), во предложениот текст.

2. Одлуката за продажба на движни ствари (расходувана медицинска и немедицинска опрема), во предложениот текст.

3. Одлуката за продажба на движни ствари (расходувана медицинска и немедицинска опрема), во предложениот текст.

4. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на движни ствари (44-12107/1-20), во предложениот текст.

5. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на движни ствари (44-12107/2-20), во предложениот текст.

6. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.37/22 (КП.бр.2304 дел 1 за КО Карпош), поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 5**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-972/1 фекална канализациска мрежа во подрачје ТИРЗ Струга), поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ТИРЗ Струга), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното правобранителство на Република Северна Македонија У.бр. 09-47/22 (КП. бр. 1728/1 КО Струмица), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа Барањето согласност за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука, го прифати Барањето и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по Барањето за одобрување на Годишната сметка за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2021 до 31.12.2021 година, Годишниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2021 до 31.12.2021 година и Финансискиот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2021 до 31.12.2021 година, со предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, во предложениот текст.

Истовремено Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД -Скопје да подготви и до 15 септември 2022 година до Владата, да достави информација за преземените активности по однос на прашањата кои се основа за ,,Мислење со резерва на ревизорот“.

2. Се задолжува Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје да подготви и до 30 септември 2022 година до Владата, да достави информација за започнување на постапка за моделите на реструктуирање на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, произлезена од студијата на ПВЦ.

**Точка 10**

Владата по новиот текст на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2022 година, со дополнувањето, ја донесе Одлуката за одобрување на Одлуката за изменување на Финансиски планот на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2022 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје:

- да изврши ревидирање на платите од следниот месец.
- да подготви и во рок од 15 дена до Комисијата за економски систем и тековна економска политика да достави план со активности за зголемување на приходите за 10% и намалување на расходите за 20%.
- да се раскинат менаџерските договори.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифата за изменување на Тарифата на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Секретаријатот за европски прашања, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Секретаријатот за европски прашања, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата, со Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да достави мислење по материјалот, како и Министерството за транспорт и врски да достави ново мислење по истиот.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка (најнов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за транспорт и врски да го измени текстот на Предлогот на закон во следниве насоки:

-основниот проект за фотонапонски електроцентрали да има 2 фази (архитектонски проект и проект за електрична инсталација и опрема) и ревизијата на проектот да не е задолжителна;

-наместо со извештај од надзорен инженер, фотонапонските електроцентрали да се ставаат во употреба со изјава од изведувач;

-да не се доставува согласност од Агенција за цивилно воздухопловство и

-да нема ограничување од 1 MW за фотонапонските електроцентрали кои се поставуваат на објект со решение, согласно член 73 од Законот.

2. Министерството за транспорт и врски да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Мартин Оџаклиески, државен советник во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за Економско-финансискиот дијалог помеѓу Европската Унија и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на програмата на економски реформи 2023-2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за труд и социјална политика, а се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија до 7 септември 2022 година да предложат до Министерството за финансии-Националниот координатор за подготовка на програмата на економски реформи, активности за спроведување на препораките во нивна надлежност и рокови на нивна реализација, заради исполнување на заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со Европската Унија од 24 мај 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии-националниот координатор за подготовка на програмата на економски реформи, во рок од седум дена од добивањето на активностите за спроведување на препораките усвоени на Економско-финансискиот дијалог, истите да ги вгради во Акцискиот план за спроведување на препораките усвоени на Економско-финансискиот дијалог со Европската Унија од 24 мај 2022 година и истиот да го достави до Владата.

3.Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за труд и социјална политика, а се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија до 1 декември 2022 година до Министерството за финансии-националниот координатор за подготовка на програмата на економски реформи да доставaт детални известувања за реализацијата на активностите од Акцискиот план.

4. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерство за финансии-Управа за јавни приходи, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, до 14 септември 2022 година да достават до Министерството за финансии, согласно своите надлежности, секторска дијагностика со предлог реформски мерки, како и потребните анекси, согласно Водичот на Европската Унија за подготовка на програмата на економски реформи 2023-2025 година од јуни 2022 година, на македонски и англиски јазик, кои ќе бидат составен дел од првата нацрт-верзија на Поглавје 5 од Програмата на економски реформи 2023-2025 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, да склучи договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 со бр. 02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 17.1.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, најмалку до 17.3.2023 година.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на обиколен пат околу село Вевчани во правец кон село Октиси км 0.0+00.00-км 1.0+62.18, КО Вевчани и КО Вевчани-вонград, Општина Вевчани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на обиколен пат околу село Вевчани во правец кон село Октиси км 0.0+00.00-км 1.0+62.18, КО Вевчани и КО Вевчани-вонград, Општина Вевчани, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со

Зоран Јанкулов, ул.Гоце Делчев бр,25, с.Марена, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Васко Стојанов, ул.Илинденска бр.49, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за завршени преговори за склучување на договор за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан.

2. Се определува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од носење на одлука за определување на висината на надоместокот на членовите на комисиите кои ги спроведуваат постапките по распишани јавни огласи и постапките со прибирање на понуди за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост согласно Законот за земјоделското земјиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на комисиите кои ги спроведуваат постапките по распишани јавни огласи и постапките со прибирање на понуди за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница, бр.123 Крива Река, бр.407 Пена, бр.104 Габровска Река, бр.408 Коселска Река и бр.349 Блатечка Река и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје дека за локацијата бр.277 Воденешница, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 5.1.2023 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.123 Крива Река на концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ Скопје до 25.2.2023 година.

3. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 2 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.123 Крива Река.

4. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ Скопје да достави Анекс на Гаранцијата за изведба со кој важноста на Гаранцијата за изведба за локацијата бр.123 Крива Река ќе се продолжи најмалку до 25.3.2023 година.

5. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерги Компани ДООЕЛ Скопје дека за локацијата бр.407 Пена, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 21.12.2022 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

6. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ Скопје да достави Анекс на Гаранцијата за изведба со кој важноста на Гаранцијата за изведба за локацијата бр.407 Пена ќе се продолжи најмалку до 21.1.2023 година.

7. Го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 6.1.2023 година.

8. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 7 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

9. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да достави Анекс на Гаранцијата за изведба со кој важноста на Гаранцијата за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река ќе се продолжи најмалку до 6.2.2023 година.

10. Го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани до 8.1.2023 година.

11. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 10 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.349 Блатечка Река.

12. Се укажува на Општина Струмица, во рок 30 дена да склучи договор со Друштвото ХЕЦ 277 ДООЕЛ за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон и да донесе решение за засновање на право на стварна службеност за далековод

ДВ-10(20)kV отклон ХЕЦ 277 Воденешница заедно со кабелски приклучен вод до АТС 10 (20)/0.4 kV 400 kVA ХЕЦ 277 Воденешница, с.Банско, Општина Струмица.

13. Се укажува на Општина Охрид, во рок од 30 дена, да издаде решение за измени во тек на градба по барање поднесено од Друштвото ХЕЦ 408 ДОО Кичево за изградба на МХЕЦ бр.408 Коселска Река

14. Се укажува на Општина Тетово, во рок од 30 дена, да склучи договор со Друштвото ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон и да донесе решение за засновање на право на стварна службеност на Друштвото ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ.

15. Се укажува на Општина Тетово по поднесување на барање од Друштвото Ани енергетик ДОО Тетово, во рок од 30 дена да донесе решение за засновање на право на стварна службеност.

16. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена, да издаде решенија за воспоставување право на стварна службеност по поднесените барања од друштвото ПЦЦ Нев хидро ДООЕЛ.

17. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности после поднесување на барањата од друштвата ХЕЦ 277 ДООЕЛ, ПЦЦ Нев хидро ДООЕЛ, ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ, Ани енергетик ДОО Тетово, во рок од 30 дена да ја заврши постапката за запишување на долготрајниот закуп на земјиште и постапката за правото на воспоставување на стварна службеност.

18. Се задолжува Министерството за транспорт и врски после поднесување на барањата од друштвата ПЦЦ Нев хидро ДООЕЛ, ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ и Ани енергетик ДОО Тетово, во рок од 30 дена да издаде Одобренија за употреба за МХЕЦ бр. 123 Крива Река, бр. 407 Пена и бр.104 Габровска Река.

19. Се задолжува Министерството за транспорт и врски-Сектор за управно-надзорни работи-втростепена комисија во рок од 30 дена да одлучи по жалбата поднесена од Друштвото Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ледер, Кочани, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Калипсо, Гевгелија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Канет, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел ПКТ, Демир Капија, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршен надзор во угостителски објект за сместување хотел Петрол компани со седиште на ул. „Скопски пат“-Студена вода бб.-Тетово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објекти, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, (за хотел од втора категорија со четири (4) звезди), во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија, при доделување на концесијата за геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница, да ги има предвид мислењата на Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за култура-Управа за заштита на културно наследство.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување дополнителни средства за кофинансирање на големиот ИПА проект „Рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во Општина Кичево“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) да продолжи со постапката за преговарање со понудувачот кој има технички исправна и истовремено најниска финансиска понуда од останатите понудувачи, а истата нема да го надминува износот согласно направената анализа на Министерството за финансии и измената на Билатералниот договор.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во координација со Министерството за финансии, по завршување на постапката за преговарање, да ја информира Владата за висината на потребните дополнителни финансиски средства за реализација на Проектот.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии да ги предвиди дополнителните средства за целосно завршување на проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево“, во сопствениот буџет за 2023 и 2024 година.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Краста“ с.Речане, Општина Гостивар на Друштвото за трговија, транспорт и туризам С.Петрол ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 32**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година, поради потребата од дополнителни усогласувања, откако претходно ќе се разгледа на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 33**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, поради потребата од дополнителни усогласувања, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за организација и реализација на НАТО конференција за комуникатори NCC 2022 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да ги спроведе сите активности за организација и реализација на НАТО конференцијата за комуникатори NCC 2022 година, согласно програмата на НАТО.

2. Се задолжува Министерството за култура за потребите на Министерството за одбрана да овозможи користење на опремата и концертната сала на Филхармонија на Република Северна Македонија, за периодот 5-9 септември 2022 година, без надомест.

3. Се задолжува Министерството за култура-Управата за заштита на културно наследство, за потребите на Министерството за одбрана да овозможи користење на просториите во Куршумли ан и Капан ан, на 7 септември 2022 година, без надомест.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за потребите на Министерството за одбрана, да овозможи користење на сала во Клубот на пратеници на 6 септември 2022 година, како и да се вклучи во сите потребни логистички аспекти поврзани со конференцијата NCC.

5. Се препорачува на Град Скопје, во периодот 5-9 септември преку ЈП „Паркови и зеленило“, да посвети соодветно внимание на хигиената и зелените површини во центарот на Град Скопје.

6. Се укажува на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да обезбеди 500 парчиња репрезентативен материјал од Република Северна Македонија (брошури, флаери и сл).

7. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во координација со Армијата на Република Северна Македонија (воена полиција), да преземе активности од свој домен со цел безбедност на учесниците и непречено одвивање на конференцијата NCC.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Б.И. против Северна Македонија А.бр.22849/20 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Б.И. против Северна Македонија А.бр.22849/20.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантката од предметот Б.И. против Северна Македонија А.бр.22849/20 ќе ѝ исплати вкупен износ од 9.000 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантката во предметот пред Европскиот суд за човекови права Б.И. против Северна Македонија А.бр.22849/20, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација, да ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантката да ѝ понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кочовска А.бр.37800/19 и други и пет други апликации против Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

Финансиските средства во вкупен износ од 36.000 евра во денарска противвредност да бидат исплатени согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кочовска А.бр.37800/19 и други и пет други апликации против Република Северна Македонија, најдоцна до 12 септември 2022 година.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Талевска и Трпческа против Северна Македонија А.бр. 11828/16, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

Финансиските средства во вкупен износ од 4.850 евра во денарска противвредност да бидат исплатени согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Талевска и Трпческа против Северна Македонија А.бр. 11828/16 најдоцна до 18 септември 2022 година.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (објект во Виница), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1313 на Советот од 25 јули 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1276 на Советот од 21 јули 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1272 на Советот од 21 јули 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1271 на Советот од 21 јули 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за спортска академија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник м-р Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

## Точка 45

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за склучување на договор за пристап до базите на податоци на EBSCO Publishing (ЕБСКО Паблишинг) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од три месеци, со EBSCO Publishing (ЕБСКО Паблишинг), Ипсвич, САД, да склучи нов договор за пристап до базите на податоци со времетраење од пет години.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии, во смисла потребните средства за наредните години, да се имаат предвид при подготовка на предлог-буџетските барања на Министерството за образование и наука за соодветната фискална година и да се планираат во рамки на утврдените максимални износи на расходи.

## Точка 46

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за наменска реалокација на неискористени финансиски средства од вршење на услуги во дејноста на образованието и науката и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука до Министерството за финансии да поднесе барање за отварање на нови сопствени сметки и тоа:

- 787-Изградба на нов училишен објект на СОУ Гимназија „Сами Фрашери“-Општина Куманово и
- 787-Набавка на опрема за пристап за услугите и платформите на Министерството за образование и наука, а Министерството за финансии истото да го спроведе во најкраток можен рок.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука до Министерството за финансии да достави барање за префрлување на средствата од сметките во вкупен износ од 68.321.140 денари и тоа од сметките:

- 160010032978760-Полагање на приправнички испити во основно и средно образование во износ од 9.021.140 денари,

- 160010032978736-Нострификација во основно и средно образование во износ од 39.300.000 денари и
- 160010032978844-Верификација на квалификации и нострификација во високото образование во износ од 20.000.000 денари и истите да се распределат на ново отворените сметки по наведениот план:

- Средствата од сметките 160010032978760-Полагање на приправнички испити во основно и средно образование во износ од 9.021.140 денари и 160010032978736-Нострификација во основно и средно образование во износ од 39.300.000 денари, да се префрлат на ново отвореноата сметка 787-Изградба на нов училиштен објект на СОУ Гимназија „Сами Фрашери"- Општина Куманово и

- Средствата од сметката 160010032978844-Верификација на квалификации и нострификација во високото образование во износ од 20.000.000 денари да се префрлат на ново отвореноата сметка 787-Набавка на опрема за пристап за услугите и платформите на Министерството за образование и наука.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука до Министерството за финансии да достави барање за проширување на буџетот на сопствените сметки, согласно потребната динамика за реализација на ново отворените сметки.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за унапредување на системот на примарна здравствена заштита, а како резултат на соработката и средбите со избраните лекари, како и за потребите за вршење на дополнителни анализи во врска со истото и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Барањето на избраните лекари за унапредување на системот на е-рецепт за лекови од листата на товар на Фондот, како и на е-упат, со цел исфрлање на потребата од печатење и останати административни процедури и за истото во рок од 60 дена до Владата и Министерството за здравство да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

2. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Барањето на избраните лекари за ревизија и оптимизирање на политиката за стимулација на нови лекари, со посебен фокус на млади лекари кои основаат сопствени приватни здравствени установи и/или за региони во кои постои тешкотија за прикрепување доволен број пациенти заради демографски причини и за истото во рок од 60 дена до Владата и Министерството за здравство да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

3. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Барањето на избраните лекари за ревизија на начинот на плаќање на избраните лекари, како и на капитациониот бод, со приоритет за ранлива категорија на избрани лекари, млади/нови лекари и/или региони во кои постои тешкотија за прикрепување доволен број пациенти заради демографски причини, а согласно започнатата реформа во примарната здравствена заштита во 2019 година, вклучена во Програмата за економски реформи (ПЕР) за 2021-2023 и 2022-2024, а имајќи ги предвид зголемувањата на платите во јавното здравство, потребата од трасирање на начин за зголемување на вредноста на капитациониот бод (75 МКД за избраните лекари и 61 МКД за избраните стоматолози) и намалување на големата моментална дискрапанца помеѓу

јавното и приватното здравство во мрежа на примарно ниво и за истото во рок од 60 дена до Владата и Министерството за здравство да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

4. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Барањето на избраните лекари за избраните стоматолози да добиваат стимулации за нови лекари и рурални тимови, како и избраните лекари и за истото во рок од 60 дена до Владата и Министерството за здравство да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

5. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Барањето на избраните лекари за ревидирање на состојбата поврзана со специјалистичките договори по интерна медицина со цел да се утврди причината на дискрепанцата во исплати и за истото во рок од 60 дена до Владата и Министерството за здравство да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

6. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Барањето на избраните лекари за разгледување на можноста за деца до 14 години кај избраните стоматолози да носат 2,5 бода, но врз основа на успешност (КЕП индекс) со цел стимулирање на превентивата кај децата од страна на избраниот стоматолог, а која успешност би можела да биде под контрола на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија со евентуалното користење на експертиза на превентивните стоматолошки тимови во рамки на јавните здравствени установи во контекст на систем на двојна проверка и за истото во рок од 60 дена до Владата и Министерството за здравство да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

7. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Барањето на избраните лекари, а во соработка со Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи да ја разгледа можноста за редефинирање на моделот на акредитација во примарната здравствена заштита и предложи стимулативни мерки за приватните здравствени установи од примарно ниво да се акредитираат од страна на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, со што за времетраење на акредитацијата би добивале дополнителна финансиска стимулација и за истото во рок од 60 дена до Владата и Министерството за здравство да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

8. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Барањато на избраните лекари за анализа на хрватскиот модел на финансирање на примарната здравствена заштита (како и некој друг европски модел), а имајќи ги предвид извршените работни посети во Словенија, Хрватски и Шпанија, како и извршените анализи на документи и наоди од СЗО и Светска банка, за да се произнесе по однос на неговата апликабилност и евентуална симулација на истиот и за истото во рок од четири месеци до Владата и Министерството за здравство да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

9. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Барањето на избраните лекари и да предложи методологија со која што ќе направи анализа на цените на здравствените услуги, како и промена на партиципацијата, и како процент, и како апсолутна вредност, со особена анализа на

импактот што евентуални промени на истиот би ги имале по однос на буџетите на јавните здравствени установи, промени во листите на чекање и слично и за истото во рок од четири месеци до Владата и Министерството за здравство да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

10. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да изврши ревизија на доделените руралности согласно пописот од 2021 година, како и да ја разгледа Методологијата за руралност во корелација со моменталната достапност на избраните лекари и за истото во рок од три месеци до Владата и Министерството за здравство да достави информација.

11. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да изврши ревизија на режимот на препишување на atorvastatin, losartan, rosuvastatin, levothyroxine, fluticasone (спреј и раствор за инхалација), paroxetine, sertraline, fluconazole, simvastatin и olopatadine, со соодветни промени во образецот ЛУ1 (да се додадат LDL, HDL, CRP i Acdiu Urinum), со цел намалување на притисокот на секндарно ниво заради препишување на терапија и лабораториски анализи и за истото во рок од три месеци до Владата и Министерството за здравство да достави информација.

12. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за здравство да го разгледа Барањето на избраните лекари за можноста (SWOT анализа) и решенија за воведување партиципација и евентуално закажување на термин кај избран лекар и за истото, во рок од три месеци до Владата да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

13. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за здравство да го разгледа Барањето на избраните лекари за предлог-решение за руралните подрачја кои не се пополнети/ покриени со избран лекар и за истото во рок од три месеци до Владата да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

14. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за здравство да го разгледа Барањето на избраните лекари за можноста за законско нормирање за доделување закуп на простор и опрема во здравствен дом од страна на вработен лекар во истата приватна здравствена установа, во која носителот оди во пензија, под услов вработениот да има најмалку една година стаж во истата ординација, како и да ги преземе запишаните пациенти на лекарот кој заминал на свое име и за истото во рок од три месеци до Владата да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

15. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за здравство да го разгледа Барањето на избраните лекари за можноста, кога лекар од втор или трет тим ќе ја напушти приватната здравствена установа од било која причина на примарно ниво, и се објави оглас за нов, приватната здравствена установа определен период да добива определен фиксен надоместок се до вработување на нов лекар и за истото во рок од три месеци до Владата да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

16. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за здравство да го разгледа Барањето на избраните лекари за креирање формула за трошоците на приватната здравствена установа, по категории, со цел нејзина употреба во идни пресметки и формирање цени на услуги, капитационен бод и стимулации/ субвенции, преку анализа на трошоци за избраните лекари од дејноста општа медицина, гинекологија и стоматологија и специјалистичко консултативна здравствена заштита и лаборатории и за истото во рок од три месеци до Владата да достави информација со конкретна правна и финансиска анализа (фискални импликации), како и рок за имплементација.

17. Се препорачува на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје-Катедра по семејна медицина, а во соработка со Лекарската комора на Република Северна Македонија, во рок од четири месеци да изготви предлози за зголемување на ингеренциите на специјалистите по семејна медицина кои работат како избрани лекари со цел евентуално соодветно препознавање на дополнителните специјалистички услуги од страна на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и истите да ги достави до Владата, Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

18. Се препорачува на Лекарската комора на Република Северна Македонија и Стоматолошката комора на Македонија, во рок од 60 дена, да дадат конкретен придонес во анализите на релевантните институции-Министерство за здравство, Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Медицински Факултет при Унивезитот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, со цел изнаоѓање на заеднички решенија на отворените прашања, како и да им предложат конкретни цели и активности коишто би ги спровеле избраните лекари за подигнувањето на свесноста за потребата и опфатот на вакцинацијата против ковид-19, особено кај ранливите граѓани: пациенти над 65-годишна возраст и пациенти од сите возрасти со коморбидитети.

Истовремено, Владата заклучи Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го има предвид укажувањето во мислењето на Министерството за финансии, во смисла дека по изготвувањето на правна и финансиска анализа од страна на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и рок за имплементација на останатите анализи Министерството за финансии дополнително ќе се произнесе.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Ѓорѓија Пулевски", Општина Аеродром-Скопје), во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Александар Македонски“-Скопје), во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Љубен Лапе“, Општина Аеродром-Скопје), во предложениот текст.

## Точка 53

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Блаже Конески“-Општина Аеродром-Скопје), во предложениот текст.

## Точка 54

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Општина Аеродром, Скопје), во предложениот текст.

## Точка 55

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Лазо Ангеловски“), во предложениот текст.

## Точка 56

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Димитар Македонски“-Општина Аеродром, Скопје), во предложениот текст.

## Точка 57

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 58

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.2233/1, КО Струга), во предложениот текст.

## Точка 59

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КО Галичник), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ги донесе:

1. Решението за назначување на претседател, заменик-претседател и членови на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, во предложениот текст.

2. Решението за назначување на претседател, заменик -претседател, членови, заменици-членови и секретари на Координативното тело за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го разгледа Предлог на закон за установите за средно образование на верските заедници, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10 000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба се цени дека предложениот Закон за установите за средно образование на верските заедници, поднесен од група пратеници, е поднесен од овластен предлагач.
Владата на Република Северна Македонија цени дека има потреба од донесување на овој закон, но истовремено укажува дека има потреба од негово доуредување:

Членот 1 од Предлогот на закон за установите за средно образование на верските заедници во делот „статус на приватно јавни непрофитни установи за средно образование, согласно со Законот за средното образование“ не е согласно одредбите од член 2 став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15,145/15, 30/16,127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), кој уредува дека средното образование се остварува во средни училишта кои се организираат како јавни средни училишта (средно општинско училиште, односно средно училиште на Градот Скопје и државно средно училиште) и приватно средно училиште. Законот за средно образование не дава можност за основање на средни училишта како приватно јавни непрофитни установи. Истата забелешка се однесува и на членовите 4,5 став (1), 11 став (1) и 13.

Во членот 2 и во членот 9 став (1) да се прецизира кој вид на средно образование ќе се реализира во овие установи, со оглед дека во членот 32 од Законот за средното образование се регулира дека средното образование се остварува преку наставни планови и програми за: гимназиско образование; стручно образование; средно уметничко образование и средно образование за ученици со посебни образовни потреби.

Во членот 4 да се преоцени дали е доволен периодот за подготовки за отпочнување со работа на овие установи од учебната 2022/2023 година. Истата забелешка се однесува и на членот 11 став (1) и став (3) и на членот 16.

Во членот 5 да се допрецизира составот на матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа, односно од редот на кои лица ќе бидат именувани од страна на основачот.

Дополнително во членот 7 треба да се доуреди правото на учениците да избираат да полагаат државна матура, односно училишна матура, како и дека само учениците кои положиле државна матура или завршиле четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура, може да го продолжат своето образование на прв циклус на академски студии од областа на општествените и хуманистичките науки.

Во членот 10 во ставот (1) зборовите „кое доделува финансиски средства“ да се заменат со зборовите „кое може да додели финансиски средства“.

Во членот 11 е нејасно која диплома, во која постапка и за која намена ќе им се издаде на лицата кои се стекнале со диплома на Православното богословско училиште и Средното исламско училиште до нивното организирање како приватни јавни установи за средно образование на верски заедници согласно со овој закон и Законот за средното образование, заклучно со учебната 2021/2022 година. Ова со оглед дека во Законот за средното образование во членот 73 таксативно е наведена педагошката документација која се води и издава во средно училиште: главна книга на учениците, главна книга на завршен испит, главна книга на матурски испит, главна книга на меѓународна матура, главна книга на средно специјалистичко образование, диплома, свидетелство, уверение за стручно оспособување, уверение за работно оспособување, ученичка книшка и преведница, Со Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 140/20, 48/21 и 67/2) се уредува дека педагошката документација опфаќа: главна книга на учениците; главна книга за државна матура; главна книга за училишна матура; главна книга за завршен испит со четиригодишно траење; главна книга за завршен испит со тригодишно траење; главна книга за меѓународна матура; главна книга за специјалистичко образование; диплома за положена државна матура; диплома за положена училишна матура; диплома за положен завршен испит со четиригодишно траење; диплома за положен завршен испит со тригодишно траење; диплома за положена меѓународна матура; диплома за мајсторски испит; диплома за специјалистичко образование; уверение за стручна оспособеност; уверение за работно оспособување; ученичка книшка; свидетелство и преведница.

Во членот 13 има повикување на акт од член 11 став (2), но истиот не се однесува на продолжувањето на образованието на затекнатите ученици, туку се однесува на формата, содржината и начинот на издавање на дипломата.

## Точка 62

Владата ја разгледа Иницијативата од Јашар Касами од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.66/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 109 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19) и притоа го утврди следново мислење:

Членот 109 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) ги уредува условите кои треба да ги исполни кандидатот за директор на основно училиште:

„(3) За директор на основно училиште може да се избере лице кое има најмалку високо образование и кое ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основно училиште и ако има најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа, положен испит за директор за основно училиште и во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, да има соодветен сертификат, не постар од пет години, за познавање на англискиот јазик ТОЕФЛ ИБТ (TOEFL IBT)-најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS)-најмалку три бода, БУЛАТС (BULATS)-најмалку 20 бода или КЕТ (KET) (Cam-bridge English)-положен, или АПТИС (APTIS)-најмалку ниво Б2 (B2). Предност имаат кандидати со звање ментор и советник."
Со Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) се воведе кариерен развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта можат да напредуваат во звања.

Категоријата наставник/стручен соработник се добива со полагање на стручен испит за наставник/стручен соработник. Наставникот/стручниот соработник може да напредува во звањата наставник-ментор/стручен соработник-ментор и наставник-советник/стручен соработник-советник. Професионалните стандарди за звањата ментор и советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот на предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Бројот на наставници/стручните соработници кои може да се стекнат со звања ментор или советник за секоја општина, општина во Градот Скопје, односно Град Скопје за секоја фискална година го определува министерот, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.
Наставник/стручен соработник може да напредува во звање ментор доколку има најмалку седум години работно искуство како наставник/стручен соработник, е вработен на неопределено работно време и ги исполнува професионалните стандарди за наставник-ментор/стручен соработник-ментор.

Наставник-ментор/стручен соработник-ментор може да напредува во звање советник доколку има најмалку девет години работно искуство, од кои три години во звањето ментор и ги исполнува професионалните стандарди за наставник-советник/стручен соработник-советник.

Со Правилникот за професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник во основните и средните училишта и начинот на стекнување и со Правилникот за професионалните стандарди за звањата стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник во основните и средните училишта и начинот на стекнување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/20), се пропишани стандардите за ментор/советник и истите опфаќаат знаења, способности и вештини коишто треба да ги поседува наставникот/стручниот соработник за да може да напредува во звање ментор/советник.

Со Правилникот за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг-листата, како и начинот на работењето на комисијата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.187/20) и со Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите („Службен весник на Република Северна Македонија"

бр.309/20, 63/21 и 111/21) се уредуваат постапките за избор во звањата ментор и советник.
Врз основа на горенаведените законски и подзаконски акти, објавени се јавни повици до наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник-ментор (како и врз основа на Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за давање на согласност за донесување на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнатсо звања наставник-ментор за секоја општина и општина во Градот Скопје, за фискалната 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.313/20) и Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор за секоја општина и општина во Градот Скопје, за фискалната 2021 година бр. 18-15212/1 од 28.12.2020 година и избрани се наставници-ментори во основните училишта.

Законодавецот, ценејќи дека за успешно извршувањето на должноста директор на основно училиште, како и за унапредување на воспитно-образовната дејност во училиштето, се потребни дополнителни професионални и стручни компетенции, кои во транспарентна постапка се потврдени со стекнувањето на звањата ментор и советник, предвидел законска одредба дека од пријавените кандитати на јавниот оглас за директор на основно училишта предност да имаат кандидати кои се стекнале со звање ментор/советник.
Следствено наведеното, со член 109 став (3) во делот: „Предност имаат кандидати со звање ментор или советник.“ од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната иницијатива поднесена од Јашар Касами од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр.66/22 од 11.7.2022 година.

## Точка 63

Владата ја разгледа Иницијативата од Александар Ристески и Рајна Наумовска-Марковска, адвокати од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.59/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 2 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18) и притоа го утврди следното мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, адвокат Александар Ристески од Скопје и адвокат Рајна Наумовска-Марковска од Скопје поднесоа Иницијатива за оценување на уставноста на член 35 ставот (2) од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18).

Подносителите на Иницијативата наведуваат дека од содржината на одредбата од член 35 став (2) од Законот за кривичната постапка произлегува дека странките во кривичните постапки можат да поднесат барање за изземање врз основа на член 33 став (2) од Законот за кривичната постапка, најдоцна до започнувањето на главната расправа.
Исто така, подносителите истакнуваат дека од член 33 став (2) од Законот за кривичната постапка произлегува дека, иако постојат релевантни причини за изземање на судија, судија поротник, јавен обвинител или друг учесник во постапката, тие причини не се опфатени со член 33 став (1) од Законот за кривичната постапка, туку се опфатени со членот 33 став (2) од Законот за кривичната постапка, а за тие причини странките

дознале по отпочнувањето на главната расправа или тие причини се појавиле по отпочнувањето на главната расправа и поради таквите причини странките не можат да поднесат барање за изземање во кривичните постапки.

Подносителите појаснуваат дека во практиката и во секојдневието може да постојат повеќе релевантни причини за изземање, коишто не се опфатени со член 33 став (1) од Законот за кривичната постапка, туку се опфатени со член 33 став (2) од Законот за кривичната постапка, за кои причини странките ќе дознаат по отпочнувањето на главната расправа или кои причини ќе се појават по отпочнувањето на главната расправа. Така, подносителите на Иницијативата како примери ги посочуваат следниве можни случаи :
- судијата, судијата-поротник или обвинителот може да стапат во закупен однос со обвинетиот или со оштетениот ;
- судијата-поротник може да заснова работен однос кај обвинетиот или кај оштетениот (или со работодавач, кај кој обвинетиот или оштетениот се управители или заземаат друга раководна-менаџерска позиција);
- брачниот или вонбрачниот другар на судијата, судијата-поротник или на обвинителот може да заснова работен однос со обвинетиот или со оштетениот (или со работодавач, кај кој обвинетиот или оштетениот се управители или заземаат друга раководна-менаџерска позиција);
- син или ќерка на судијата, судијата-поротник или на обвинителот може да стапи во блиски лични односи, во брак или да заснова вонбрачна заедница со обвинетиот или со оштетениот;
- судијата, судијата-поротник или обвинителот манифестирале пристрасност поради тоа што во текот на постапката дознале за кривично дело на оштетениот на штета на обвинетиот, но не го пријавиле таквото кривично дело и
- син или ќерка на судијата, судијата-поротник или на обвинителот може да стапи во блиски лични односи, во брак или да заснова вонбрачна заедница со син или со ќерка на обвинетиот или на оштетениот, итн.

Во дополнение, подносителите потенцираат дека од член 35 став (2) од Законот за кривичната постапка во врска со член 33 став (2) од Законот за кривичната постапка, произлегува дека законодавецот дозволил во Република Северна Македонија да постојат пристрасни судови, односно дозволил во Република Северна Македонија пристрасни судови да одлучуваат за кривичната одговорност да изрекуваат кривични санкции.

Во контекст на наведеното, подносителите предлагаат Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста и да го поништи или укине член 35 став (2) од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18), кој што го оспоруваат, бидејќи истиот бил спротивен на Уставот на Република Северна Македонија.
Во Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18), во член 35 во став (2) се предвидува дека „Странките можат да поднесат барање за изземање до почетокот на главната расправа, а ако за причината за изземањето од членот 33 став (1) на овој закон дознале подоцна, барањето го поднесуваат веднаш по дознавањето“.

Членот 33 од Законот за кривичната постапка гласи:
(1) Судија или судија-поротник не смее да врши судиска должност, ако:
1) е оштетен со кривичното дело ;
2) обвинетиот, неговиот бранител, тужителот, оштетениот, неговиот законски застапник или полномошник, му е брачен, односно вонбрачен другар или роднина по

крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четврти степен, а по сватовство до втор степен;
3) со обвинетиот, неговиот бранител, тужителот или со оштетениот е во однос на старател, лице под старателство, посвоител, посвоеник, хранител или храненик;
4) во истиот кривичен предмет учествувал како судија на претходна постапка, учествувал во испитувањето на обвинението пред главната расправа или учествувал во постапката како тужител, бранител, законски застапник или полномошник на оштетениот, односно на тужителот или е испитан како сведок или како вештак и
5) во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлуката на пониискиот суд или ако во истиот суд учествувал во донесувањето на одлуката која се побива со жалбата.
(2) Судија или судија-поротник може да биде изземен од вршење на судска должност покрај случаите наведени во ставот (1) на овој член, ако постојат околности кои предизвикуваат сомневање во неговата непристрасност.

Членот 38 став 1 и став 2 од Законот за кривичната постапка гласи:
(1) Одредбите за изземање на судии и судии-поротници согласно ќе се применуваат и врз јавните обвинители, освен во случаите кога постои основот од член 33 став ( 1), точки 4 и 5 на овој закон.

(2) Одредбите за изземање на судии и судии-поротници согласно ќе се применуваат и врз записничарите, преведувачите, односно толкувачите и стручните лица, како и врз вештаците, ако за нив не е определено нешто друго со член 238) .

Согласно членот 8 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија во Република Северна Македонија слободно е сѐ што со Уставот и закон не е забрането.

Во членот 8 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија се утврдени темелните вредности на уставниот поредок. Имено, меѓу другите, Уставот како темелни вредности ги утврдува: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Според членот 108 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста.

Согласно член 110 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Согласно член 112 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот.

Согласно член 112 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма на политичка партија или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со закон.

Согласно наведеното, Владата смета дека оспорената одредба не треба да биде укината или поништена заради следниве причини: Имено, кога за причините за изземање странките дознале по отпочнување на расправата, барањето се поднесува веднаш по дознавањето, но само ако се работи за барање за изземање поради постоење на причините од член 33 став (1) од Законот за кривичната постапка. Со даденото

ограничување се оневозможува честата појава во текот на расправата постојано да се поднесуваат барања за изземање по основ од член 33 став (2), со наведување на различни причини, а се со цел постапката непотребно да се одолговлекува.

Исто така, Владата укажува дека во конкретниот случај се работи за целисходност на оспорената одредба, а не за нејзина спротивност со Уставот, за што Уставниот суд нема надлежности да одлучува, туку тоа е во исклучива надлежност на законодавецот.

Имајќи го предвид наведеното, Владата истакнува дека во рамките на Министерството за правда работи Работна група која подготвува измени на Законот за кривичната постапка, имајќи ги предвид лоцираните слабости во неговата досегашна примена. Во рамките на работата на оваа работна група беше анализирана и примената на оспорениот член и ќе биде предложено во член 35 во ставот (2) да се бришат ограничувањата, односно зборовите „став (1) на овој закон", со што странките би можеле да поднесат барање за изземање и по почетокот на главната расправа и за одредбата од член 33 став (2) од Законот за кривичната постапка.

Имајќи го предвид наведеното, Владата смета дека член 35 став (2) од Законот за кривичната постапка не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став (2) од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18).

**Точка 64**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата од Асоцијација на здруженија на работодавачите на трговските друштва за превоз на патници на Република Македонија од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/21 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила за штети предизвикани од трети лица, поради потребата Министерството за финансии, во соработка со Секретаријатот за законодавство, да подготви и до Владата да достави заедничко/обединето мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2559 на КП бр.7412 и Имотен лист бр.13011 на КП бр.7413/4, за КО Драчево 2, викано место/улица „Велковски Круши" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.53219, за КО Кисела Вода 1, идеален дел од КП бр.890/1 и КП бр.892/1, викано место/улица „Првомајска" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислење на Министерството за транспорт и врски и

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дрита Лимани за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101683 за КО Радишани, КП бр.1567/6, викано место/улица „Ѓоре Ѓоревски“ бб и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Паунова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.63175 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.892 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупка Караџовска Главинче од Битола, продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7604, за КО Битола 5, КП бр. 1408 викано место/улица „Индустриски Пат“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.97476 на КП бр.125/6 и Имотен лист бр.97477 за КП бр.125/7, КО Чаир и по Понудата ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Истовремено, Владата ја задолжи Управата за заштита на културното наследство да достави мислење по Понудата.

**Точка 71**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Катерина Кокина од Скопје, за Заклучок за прва усна јавна продажба, доставен под И.бр.1542/2021, со Заклучок за поправање на грешки во актите на извршителот и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид за понуда за користење право на првенствено купување на имот каде како сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист бр.94643 за КО Охрид 2 и по истото го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставен под И.бр.575/22, за налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.157 и бр.499, за КО Мажучиште на КП бр.1185 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави мислење по Известувањето.

**Точка 74**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за распишување Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Дебар.

**2.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности поради истек на мандатот ги разреши:

- Никола Оџаклиевски
- Маја Димитриева-Миленковиќ
- Даниел Пауновски
- Блажо Настов и
- Богослав Лескаровски

2.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ги именува:

- Миле Андоновски
- Горан Здравковски
- Фатима Салифоска и
- Роберт Бешовски

**3.** Владата ја разреши Маја Герасимовска од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје, поради истек на мандатот.

3.1 Владата ја именува Маја Герасимовска за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје.

**4.** Владата ја разреши Марија Ристоска од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово-стручен работник од Центарот за социјална работа.

4.1 Владата ја именува Александра Анѓелокоска за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово-стручен работник од Центарот за социјална работа.

**5.** Владата на Фехми Стафа, разрешен од функцијата државен правобранител на Република Северна Македонија му утврди право да остварува плата по престанок на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 23.8.2022 година до 23.8.2023 година.

**6.** Владата го разреши Науаф Баара од должноста вршител на должноста директор на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија.

6.1 Владата го именува Науаф Баара за директор на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за време од четири години, досегашен вршител на должноста директор на Заводот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**7.** Владата ја именува Вангелија Велева за вршител на должноста директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерството за образование и наука, досегашен вршител на должноста директор и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**Точка 75**

**1.** Владата го задолжи Министерството за надворешни работи да спроведе како дипломатска пратка за транспорт на 600 флаши со вино (спонзорства од пет винарии во Република Северна Македонија) и промотивни печатени материјали Taste life (Тејст лајф), за македонската вечер што ќе се одржи на Првиот меѓународен саем за вино, храна и туризам „Винска визија на Отворен Балкан“, во Белград, Република Србија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 18 август 2022 година до 24 август 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок на користење на недвижни ствари и ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари, во предложениот текст.

**4.** Владата го разгледа и не го прифати Барањето за исправка на Решението за разрешување на државниот правобранител на Република Северна Македонија, Фехми Стафа.

**5.** Владата на барање на м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, заклучи на 5 септември 2022 година во 11:00 часот да се одржи тематска седница на Владата за преговарачката структура и преговорите на Република Северна Македонија со Европската Унија.

**6.** Владата заклучи јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост, а им се препорачува на јавните претпријатија во општинска сопственост да ги раскинат менаџерските договори склучени согласно одредбите од материјалните закони со кои е регулирано работењето на институциите, а кои се однесуваат на уредување на правата, обврските и односите на директорот со органите на управување на институцијата и со институцијата во целост, со цел склучување нови со конкретни права и обврски.

**7.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста 2022 година (31 година независност), ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Организацискиот одбор да ја преземе организацијата на централната прослава на 8 септември 2022 година и да достави сценарио за целодневни (дневни и вечерни) активности до Владата најдоцна до 4 септември 2022 година.

Активностите за одбележување на Денот на независноста започнуваат со положување на свежо цвеќе од страна на Владина делегација на гробиштата на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски, со почеток во 8:45 часот.

Владината делегација која ќе положи цвеќе е во состав:

- д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија;
- д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците;
- Славјанка Петровска, министер за одбрана;
- м-р Беким Сали, министер за здравство и
- Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

Организацискиот одбор покрај сценарио треба да обезбеди и наратив, лого за одбележување на јубилејот, а сценариото за целодневните активности да го достави до сите засегнати институции за навремено да започнат со подготовки.

2) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, преку Одделението за протокол при Владата на Република Северна Македонија да подготват покани за положувањето на цвеќе, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови, вклучувајќи и обезбедување на соодветна опрема за положување на цвеќе.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за вечерниот дел од активностите врзани со одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста.

4) Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за култура, соодветно и договорно да ги покријат трошоците за дневниот дел од активностите поврзани со одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста.

5) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и опрема за свечено положување свежо цвеќе на градските гробишта Бутел (пред вечните почивалишта на Киро Глигоров и Борис Трајковски).

6) Се задолжува Јавното претпријатие Национална радио-телевизија, на 8 септември 2022 година да врши директен пренос од одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста, според деталното сценарио со саатници кое ќе го добијат од Организацискиот одбор.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали, техничка опрема, столчиња, вода, говорница, знамиња и слично за одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста, за што ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување

на цвеќе на 8 Септември-Ден на независноста, како и да обезбеди цветно уредување на бината.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за делегацијата и венци за положување цвеќе на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

10) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на 8 Септември-Ден на независноста.

11) Се укажува на ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за струја за централната прослава.

12) Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги исчисти гробните места на поранешните претседатели Борис Трајковски и Киро Глигоров, каде свечено ќе се положува цвеќе.

13) Се задолжува Министерството за здравство, на 8 септември 2022 година да има обезбедено едно амбулантно возило на централната прослава на Владата, според сценариото добиено од Организацискиот одбор.

14) Се препорачува на Град Скопје да одговори на барањето за користење простор Градски парк „Школка“ и парк Ибни Пајко, најдоцна до 1 септември 2022 година.

15) Се препорачува на Град Скопје, на 8 септември 2022 година да има обезбедено едно противпожарно возило за централната прослава на Владата, според сценариото добиено од Организацискиот одбор.

16) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, преку Одделението за протокол на Владата на Република Северна Македонија да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска или печатена форма и по потврдите да изработи протоколарна листа за 8 Септември-Ден на независноста.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување спогодби по спроведена постапка за мирно решавање на колективен спор, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, јануари-јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на средствата согласно Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, наменети за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Првиот извештај за степен на реализација на активностите од Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план, за периодот 15 јули 2021 година-31 март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата го разгледа Акцискиот план за преземање на активности по однос на препораките утврдени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година, на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, бр.22-143/2 од 11 февруари 2022 година, од Државниот завод за ревизија, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот 1 април-30-ти јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и Државниот завод за ревизија.

**Точка 83**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за второто тримесечје (1 април 2022-30 јуни 2022 година), како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата со табеларен преглед и анализа за доделување на финансиска поддршка за 2022 година (збирна), како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за втор квартал 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 86

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јануари-март 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Просторен план на Национален парк Пелистер 2016-2030-Предлог-план, со текст на Просторен план ја усвои и заклучи Просторниот план на Национален парк Пелистер 2016-2030-Предлог-план да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Неби Реџепи, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на дополнителни финансиски средства кои произлегуваат од доспеани обврски и реализирани извршни решенија во НУ Национална опера и балет Скопје, НУ Албански театар-Скопје и НУ Национална универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ -Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за култура да обезбеди средства од буџетот на министерството, во раздел 180-10 за финансирање на дејностите од областа на културата, со прераспределба на средства помеѓу расходните ставки, од причина што од Програма 84, расходна ставка 482, претходно е веќе доставено Барање до Министерството за финансии за пренамена на средства за покривање на долгови на националните установи од областа на културата.

Истовремено, Владата заклучи, до крајот на годината Министерството за култура да достави друго барање до Министерството за финансии за дополнителни финансиски средства, за покривање на долговите на националните установи од областа на културата.

## Точка 89

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за настаната состојба со поништени одлуки на Владата за давање на дивеч под концесија во ловиштата бр.5 „Тажево“, бр.2 „Копришница“ и бр.5 „Душегубица“ од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки во контекст на потврдени или актуелни управни спорови со предлог за формирање на меѓуресорска работна група за изнаоѓање решенија за настанатата ситуација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од седум дена, да формира работна група со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, која во рок од 15 дена од формирањето до Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство ќе достави записник за можни решенија за воедначување на праксата на постапување на институциите во случаите на поништување на одлуки на Владата донесени согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство, кои би биле применливи и за случаите содржани во оваа информација.

2. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во рок од три дена, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да номинираат по двајца претставници за членови на работната група.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од седум дена, од приемот на записникот на работната група да ја информира Владата за можните решенија предложени од работната група и да предложи соодветни предлог-одлуки согласно мислењето на работната група за решавање на случаите содржани во оваа информација.

**Точка 91**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на просторен план за заштитен предел-дел од планината Водно, за заштитено подрачје во категорија V, со Акциски план за изработка, ја усвои и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да ја отпочне постапката за изработка на Просторен план за заштитен предел-дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V.

**Точка 93**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори со усогласен текст на Меморандум за разбирање и соработка во областа на кинематографијата и аудиовизуелните дејности во Западен Балкан, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандум за разбирање и соработка во областа на кинематографијата и аудиовизуелните дејности во Западен Балкан.

2. Се овластува доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, да го потпише Меморандумот за разбирање и соработка во областа на кинематографијата и аудиовизуелните дејности во Западен Балкан.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“ (нов текст), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“ (нов текст), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски слив“, во предложениот текст.
4. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“, во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“, во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Делчевски“, во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“, во предложениот текст.

8. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“, во предложениот текст.

9. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“, во предложениот текст.

10. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Водоча“, во предложениот текст.

11. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“, во предложениот текст.

12. Не ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Далјан“ со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави Предлог-одлука за поништување на постапката за доделување под концесија за вршење на стопански риболов на зоната Далјан.

**Точка 95**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на работна група за изработка на закон за плати во јавниот сектор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достават номинации за член и заменик-член на меѓуресорската работна група за изработка на предлог на закон за плати во јавниот сектор.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од седум дена по добивање на номинациите да формира меѓуресорска работна група за изработка на предлог на закон за плати во јавниот сектор.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација на секои три месеци да ја информира Владата за прогресот на активности, до доставување на предлогот на закон за плати во јавниот сектор до Владата.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од заземање на нови ставови во постапката за водење преговори за склучување Договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги разгледа и прифати новите ставови утврдени во оваа информација.

2. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите за склучување на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија, да се придржуваат кон новите ставови наведени во оваа информација.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија, согласно ново утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите за склучување на Договорот.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, на Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

**Точка 97**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 98**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од промена на тарифен систем/примена на повластен тарифен модел за продажба на електрична и топлинска енергија во областа образование, поради потребата да одржат работна средба министерот за финансии, министерот за економија и директорот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, на која ќе изнајдат соодветно решение во врска со ова прашање.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка  за увоз на млеко и павлака и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и предлагачот да обезбеди согласност од Министерството за финансии и позитивно мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за Оперативен план во областа на цивилната заштита помеѓу Република Албанија, Република Северна Македонија и Република Србија, во рамките на Иницијативата „Отворен Балкан“, со текст на Оперативен план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Оперативниот план во областа на цивилната заштита помеѓу Република Албанија, Република Северна Македонија и Република Србија, во рамките на Иницијативата „Отворен Балкан“.

2. Се овластува Зулфиќар Зејнулаи, заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, за потписник на Оперативниот план во областа на цивилната заштита помеѓу Република Албанија, Република Северна Македонија и Република Србија, во рамките на Иницијативата „Отворен Балкан“.

3. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување при примената на соодветните структури да постапува согласно националните механизми за активирање.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со  доспеан даночен долг на Националната установа-Центар за култура „Иљо Антески-Смок“ од Тетово, произлезен од реализацијата на проектот-Изградба на културно-образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Националната установа-Центар за култура „Иљо Антески-Смок“ од Тетово веднаш да исплати дел од главниот даночен долг кон Управата за јавни приходи во износ од 100 милиони денари, од предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година од раздел 18010-Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограма 49-Театар и библиотека во Тетово, расходна ставка 482-други градежни работи.

2. Се задолжува Националната установа-Центар за култура „Иљо Антески-Смок“ од Тетово да поднесе барање до Управата за јавни приходи за одложена исплата на преостанатиот даночен долг на осум месечни рати, врз основа на член 111-г од Законот за даночната постапка, а како гарант согласно член 35-а од Законот за даночната постапка да го предложи Министерството за култура.

3. Се задолжува Националната установа-Центар за култура „Иљо Антески-Смок“ од Тетово, преостанатиот даночен долг, согласно рамката за репрограмирање на долг што ќе биде доставена од Управата за јавни приходи да го исплаќа од средствата обезбедени во буџетот на Министерството за култура раздел 18010-Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограма 49-Театар и библиотека во Тетово, расходна ставка 482-други градежни работи за 2022, а со буџетот од истата програма во 2023 година целосно да го исплати даночниот долг.

4. Се задолжува Министерството за култура, по целосното плаќање на даночниот долг, да побара измена на Согласноста за преземање на обврски бр. 40-3688/1 од 23.3.2021 година, со дополнување во 2027 година да се предвидат потребните дополнителни средства за реализација на доделените договори за Проектот за изградба на Театар и билиотека во Тетово.

5. Се задолжува Националната установа-Центар за култура „Иљо Антески-Смок“ од Тетово, склучените договори за реализација на изградбата на објектот за театар и библиотека во Тетово да ги измени во делот за начинот и рокот на плаќање на обврските врз основа на изменетата согласност за обезбедени финансиски средства, а во согласност со Законот за јавните набавки.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16 :35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**